Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва, член 166,169,170,171,172,176,177 (Службен весник на Р.М. бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 199/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14) основачот на ден [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. година ја даде следната:

# ИЗЈАВА

## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

### Член 1

Со оваа изјава се основа трговско друштво како друштво со ограничена одговорност основано од едно лице-ДООЕЛ, а во согласност со Законот за трговски друштва.

### Член 2

Трговското друштво (во натамошниот текст – *Друштвото)* го основа [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. државјанин на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. со ЕМБГ [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и лична карта број [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., со постојано место на живеење на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]..

### Член 3

Друштвото ќе работи под фирмата:

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

Скратен назив на друштвото ќе биде:

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

### Член 4

Седиштето на друштвото е на улица [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]..

### Член 5

Согласно Законот како предмет на работење се запишува:
**ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС**
Приоритетна дејност/Главна приходна шифра е:

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

Друштвото ќе ги обавува сите дејности во надворешниот промет.

### Член 6

Друштвото се основа на неопределено време, се додека постојат оправдани економски услови за обавување на дејностите за кои е регистрирано.

**Член 7**

Основната главнина на друштвото е **паричен влог** кој вкупно изнесува 5.000,00 ЕВРА во денарска противвредност 307.600,00 денари според средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

**Член 8**

Со друштвото управува управител.

За вршење на функцијата управител на друштвото се именува лицето [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. државјанин на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. со ЕМБГ [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]. и лична карта број [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., со постојано место на живеење на [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]..

Управителот се именува на неопределено време, без ограничување во правниот промет. Управителот го застапува и претставува друштвото.

**Член 9**

Друштвото се стекнува со статус на правно лице на денот на уписот во трговскиот регистар.
Во правниот промет со трети лица основачот одговара во висина на основачкиот влог.
Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.
За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот.

**Член 10**

Основачот го основа друштвото и го вложува својот основачки влог заради остварување на добивка.
Приходите и расходите на друштвото се утврдуваат согласно позитивните норми и прописи.
Добивката се утврдува со периодична и годишна пртесметка, а добивката во смисла на оваа изјава е дел кој ќе преостане откако ќе се намират расходите и платите.
Обврската за покривање на загубата се намирува од трајниот влог на основачот.
Доколку главницата се намали под законскиот минимум, основачот е должен да ја надомести со нови вложувања во предмети или пари.

**Член 11**

Друштвото може да престане во следните случаеви:

1. Со истекот на рокот за кој е основано;
2. Со одлука на содружникот;
3. Со Ликвидација;
4. Со одлука на регистарскиот орган;
5. Со одлука за припојување со друго друштво, односно поделба;
6. Со спроведување на стечај;
7. Во други случаеви предвидени со закон.

**Член 12**

Сите измени на оваа изјава до кои би дошло во текот на работата на друштвото ќе се вршат согласно Законот за трговски друштва, а одлуките ги донесува основачот на друштвото.

Вработените во друштвото своите права ги остваруваат согласно законот и колективниот договор. Со други акти на друштвото ќе се утврдат обврските и правата од работниот однос на вработените во друштвото.

**Член 13**

Оваа изјава влегува во сила со денот на нејзиното одобрување од надлежниот орган, а ќе се применува по завршувањето на постапката за упис на друштвото во трговскиот регистар.

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ]., [ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].

**Основач**

__________________

[ВНЕСЕТЕ ПОДАТОЦИ].